Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ број 53/05 ,81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) и член 137 од Законот за управување со отпад, (Сл. Весник на РМ број 68/04, 07/07, 102/08, 143/08, 171/08, 124/10, 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16 и 63/16) министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следниот

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 18-1966/1
16. 03. 2018 20 ___ год.
СКОПЈЕ

# ПЛАН
## за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за 2018 година

член 1

Министерството за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст на планот - МЖСПП), врши надзор над работата на органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

член 2

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежностите.

член 3

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје во текот на 2018 година, МЖСПП ќе го спроведе во следните надлежности:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, согласно Законот за управување со отпадот.

член 4

Во текот на 2018 година, надзорот над законитоста на работата ќе се изврши на следните општини и општини во град Скопје:

1. Општина Битола
2. Општина Арачиново
3. Општина Кавадарци,
4. Општина Чаир, (општина во Град Скопје),
5. Општина Кочани,
6. Општина Липково,
7. Општина Дојран,
8. Општина Сопиште,
9. Општина Пробиштип и
10. Општина Куманово

член 5

Заради остварување на надзорот од член 1 на овој план, министерот за животна средина и просторно планирање ќе формира Комисија составена од државни службеници вработени во МЖСПП кои работат во областите наведени погоре. Во составот на комисијата најмалку двајца државни службеници ќе бидат од редот на вработените во Секторот за соработка со локална самоуправа и управно- надзорни работи.

член 6

Комисијата ќе ги извести надлежните лица во општините, Град Скопје и општините во град Скопје кои се предмет на надзор најмалку 15 дена пред извршување на надзорот.

член 7

За секој извршен надзор на општините, на градот Скопје и општините во градот Скопје, Комисијата од член 5 на овој план ќе изготви Извештај за извршен надзор со препораки и истиот ќе биде објавен на веб страната на МЖСПП.

член 8

Надзорот кој е предмет на овој План ќе заврши заклучно со 31.12.2018 година.

член 9

По извршувањето на надзорот Министерството за животна средина и просторно планирање е должно да го информира Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС за преземените мерки и активности при вршењето на надзорот.

член 10

По извршувањето на надзорот Министертсвото за животна средина и просторно планирање е должно на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје кај кој е извршен надзорот да им достави укажување за евентуалните констатирани недостатоци и да им определи рок во кој треба да ги отстранат констатираните недостатоци

член 11

Координацијата на спроведувањето на надзорот ќе се врши од страна на Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи при МЖСПП.

член 12

Овој план се објавува на веб страната на МЖСПП.

Министер,
Sadulla Duraki

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ